This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## ДЕКЕМВРИ, 2025



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ИМПЕРИЈА“ КОК-33/23

На ден 12.12.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на сведокот кој се наоѓа во странство, за што судот беше известен од неговиот полномошник. Воедно јавниот обвинител усно на записник го повлече обвинението за еден обвинет, бидејќи од досега изведените докази не произлегла вина за сторување на кривичните дела што му се ставаат на товар.

### „ФЕНИКС“ КОК-12/24

На ден 17.12.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше сослушан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

### „ШТЕКЛИ“ КОК-93/25

На ден 04.12.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на судиите поротници.

На ден 24.12.2025 година, на рочиштето за главна расправа, на првообвинетиот судот му определи бранител по службена должност, по што следеше признавање на вина од страна на еден од обвинетите, врз основа на признанието, постапката беше раздвоена и судот донесе пресуда со која изрече казна затвор од 5 години и 6 месеци.

### „СИНЏИР“ КОК-61/24

На ден 12.12.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вештото лице предложено од страна на одбраната.

## Останати судски предмети

### „АДИТИВ“ К-73/25

На ден 11.12.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вештото лице предложено од страна на јавниот обвинител.

На ден 15.12.2025 година, на рочиштето за главна расправа продолжи со испитување на вештото лице предложено од страна на јавниот обвинител.

### „ТАЛИР 2“ К-297/24

На ден 09.12.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведоа вербални и материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На ден 18.12.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа доказите поврзани со имотно-правните побарувања на оштетените.

### „ОНКОЛОГИЈА“ К-1680/25

На ден 04.12.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на судија поротник.

### „СПОРТСКИ ВАУЧЕРИ-АМС“ К-884/24

На ден 12.12.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вештото лице предложено од страна на јавниот обвинител.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На ден 11.12.2025 година, Судскиот совет на Република Северна Македонија ја одржа 533-тата седница, на која го усвои записникот од 531-та седница одржана на ден 19.11.2025 година. На истата седница, Судскиот совет го определи Бурим Сејдини, судија на Управниот суд, за вршител на должноста претседател на Управниот суд и ја донесе Годишната програма за работа на Судскиот совет за 2026 година заедно со Акционен план. Советот формираше Комисија за вонредно оценување на работата на судиите од Основниот кривичен суд Скопје, Основниот граѓански суд Скопје, Основниот суд Куманово, Основниот суд Тетово и Апелациониот суд Гостивар, како и на претседателот на Основниот суд Тетово, како кандидати за избор на член на Советот од редот на судиите припадници на заедницата која е повеќе од 20 проценти од населението во Република Северна Македонија. Воедно беа формирани комисии за увид и оцена на работата на судиите од Основниот кривичен суд Скопје, Основниот граѓански суд Скопје и Основниот суд Куманово, посебна комисија за увид и оцена на работата на судиите од Основниот суд Тетово, комисија за увид и оцена на работата на претседателот на Основниот суд Тетово, како и комисија за увид и оцена на работата на судија од Апелациониот суд Гостивар, во постапка за избор на член на Судскиот совет од редот на судиите припадници на заедницата која е повеќе од 20 проценти. Судскиот совет донесе одлука со која членот на Советот м-р Селим Адеми, член на Комисијата за проверка на исполнетоста на условите и критериумите за избор на претседател на суд по огласот за избор на претседател на Основниот кривичен суд Скопје, беше заменет со членот на Советот Павлина Црвенковска. На седницата беа донесени одлуки за разрешување и за избор на судии поротници во Основниот кривичен суд Скопје, како и одлука за разрешување на судии поротници во Основниот суд Струга.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На ден 09.12.2025 година, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија ја одржа 32-та седница, на која по усвојувањето на дневниот ред ги усвои записниците од 28-мата, 30-тата и 31-вата седница на Советот. На истата седница, Советот констатираше престанок на функцијата на јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи, виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, по сопствено барање. Потоа Советот донесе одлука за формирање Комисија за спроведување на Стратегијата за комуникација и транспарентност за периодот 2025–2028 година. Во продолжение, Советот донесе одлука за избор за претседател на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, при што за претседател беше избран членот на Советот Башким Бесими, а по негов предлог за заменик претседател беше избрана членот на Советот Марјана Илиеска.

На ден 12.12.2025 година, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија ја одржа 33-тата седница, на која по усвојувањето на дневниот ред донесе одлука за определување вршител на должност виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, при што за вршител на должност беше определена Наташа Крстевска Цалева, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, до избор на виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, за период не подолг од шест месеци.

На ден 29.12.2025 година, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија ја одржа 34-тата седница, на која по усвојувањето на дневниот ред ги усвои записниците од 32-рата, 33-тата и 35-тата седница на Советот. На истата седница, Советот донесе одлука за формирање работна група за подготовка на Годишниот извештај за работа на Советот на јавните обвинители за 2025 година, во состав од тројца членови на Советот. Потоа беа донесени одлуки за објавување оглас за избор на виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје и за објавување оглас за избор на пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје. Советот донесе и одлука за формирање пописна комисија во рамки на Советот на јавните обвинители. Во продолжение беше донесена одлука за измена и дополнување на Распоредот за работа на членовите на Советот, со назначување координатори за подрачјата на Вишото јавно обвинителство Гостивар и Вишото јавно обвинителство Битола. На седницата беше разгледан Извештајот за работа на јавните

обвинителства на Република Северна Македонија за 2024 година, кој по презентацијата беше позитивно оценет и усвоен од страна на Советот.

На ден 22.12.2025 година, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија ја одржа 35-тата седница, на која по усвојувањето на дневниот ред донесе одлука за определување вршител на функцијата јавен обвинител, при што за вршител на функцијата беше определена Анита Тополова Исајловска, јавен обвинител во Јавното обвинителство, до именување на јавен обвинител, за период не подолг од шест месеци.